**Извештај за извршени редовни/вонредни инспекциски надзори во период од 15-25.11.2019 г. како резултат на засиленото инспекторирање поради загадувањето на воздухот.**

**Активностите се координирани од заменик претседателот на Владата Оливер Спасовски, министерот за животна средина и просторно планирање Насер Нуредини и посебниот советник за животна средина и просторно планирање од Канцеларија на Претседателот на Владата на РС. Македонија Драган Јованов.**

## ИЗВЕШТАЈ ОД ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Државниот индспекторат за животна средина** во изминатата недела изврши повеќе вонредни и контролни надзори и тоа во: **АД Струмичко Поле Василево** - Инсталација со Б-интегрирана еколошка дозвола каде е констатирано дека тите согласно дозволата; **РЕК Осломеј с. Осломеј Кичево** и констатирано е дека, Извршено е и контрола на емисиите во воздухот од мониторингот на мерната станица која е поставена во кругот на РЕК Осломеј и утврдено е дека емисиите се во границите на дозволеното; **Гранит Кичево, асфалтна база** извршен е контролен инспекциски надзор во правниот субјект носител на А-Еколошка дозвола асфалтна база во Кичево која последните мерења ги има извршено во месец Август кога инсталацијата работела и имало производство на асфалт. Со работа се очекува повторно да се отпочне во април 2019 година; **ТД Еуроимпекс-Пежо Скопје** кој согласно Елаборатот за животна средина одобрен од МЖСПП треба да врши мерења на емисија на гасови од оџакот на парниот котел и бидејќи тоа го нема сторено задолжен е со решение да изврши мерења во рок од 15 дена и резултатите да ги достави во ДИЖС; **Огражден АД за неметали Струмица** и утврдено е дека извршени се мерења на концентрации на загадувачки супстанции од емитер, цврсти честички (вкупна прашина), суспендирани честички со големина 10 микрометри (PM10), истите се во дозволени гранични вредности; **КЕМ АД, Гостивар –** Б интегрирана еколошка дозвола извршен е вонреден инспекциски надзор, и констатирано дека не се извршени мерења на емисиите во воздух во 2019 година и со решение ќе го задолжи да изврши мерења и за резултатите од мерењата ќе ги извести ДИЖС; **АД ЕСМ-подр. РЕК Битола:** Направен е контролен инспекциски надзор по издадено решение за ставање во функција на мониторинг станица во с.Рибарци и и утврдено е дека постапено во целост по решението; **ТД Еко-вист ДОО во кругот на ОХИС – Скопје** при извршен инспекциски надзор во складот за секундарни суровини и константирано е дека субјектот поседува дозвола за вршење дејност складирање и третман на неопасен отпад и има склучено договор за користење на просторот со новиот сопственик на ОХИС-Скопје „Хемиски Инженеринг“ ДОО Скопје, а емисии во воздух нема.

## ИЗВЕШТАЈ ОД ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Државниот инспекторат за земјоделство до сите државни инспектори за земјоделство достави задолжение/ наредба секојдневно, континуирано и ригорозно да спроведуваат контроли на целата територија на РСМ. Во период од 15-21. 11.2019 г. од страна на државните инспектори за земјоделство извршени се 72 контроли, изготвени се 19 записници, во постапка на порамнување издадени се 3 платни налози и поднесено е едно барање за поведување на прекршочна постапка, до Прекршочна комисија за сторен прекршок спротивно на член 46, став 2 а казниво по член 61 став 3 од Законот за земјоделско земјиште. Во овој период поради влажниот бран што ја зафати РСМ не се забелажани интензивни палења на стрништа и друг вегетација на земјоделските површини и физички лица. Од страна на државните инспектопри за земјоделство констатирани се пожари во Кочани, Пробиштип и во прилеп. Пожарот во прилеп во с. Тополчани на 20.11.2019 е предизвикан од непознато лице кое го запалило стрништето и избегало, но со интервенција на инспекторот повикана е пожарна и истиот е изгаснат за неколку часови и спречено е негово проширување.

**Извештаи за засилени инспекциски контроли се пристигнати и од повеќе општини во државата**

**ОПШТИНА ТЕТОВО** спроведе засилени инспекциски надзори со тимови составени од инспектор за животна средина, комунален инспектор и комунален редар. Според извештаиите направена е обиколка на речиси сите критичните точки кои се ризик за фрлање и спалување на отпад во градот; на патот кон Попова Шапка; село Порој како и Голема и Мала Речица, место викано Деребој; патот накај село Фалише каде во непосредна близина е сместена претоварната станица. При инспекторирањето не се забележани несоодветни палења на било каков отпад, ниту негативни влијанија врз животната средина. Надзор беше направен и на булеварот Видое Смилевски Бато (Индустриска ), каде се вршат изведбени работи за реконструкција на булеварот кој од друга страна е доста фреквентен и се крева прашина од протокот на возила кои се движат по истиот Бидејќи мерната станица е на два метри од патот податоците кои се добиваат во моментот се резултат на тие активности.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**

**Инспекциски надзор во област заштита на животна средина**

Инспекцијата за животна средина изврши вонреден надзор во угостителски објекти, заради пријави за чад од печки на пелети за греење на објектите, како и во 2 кебапчилници во однос на подготовката на храна на скара на ќумур. Не се забележани проблеми, недозволен отпад или друг материјал за греење и работа. Овластениот комунален инспектор и комуналните редари извршија вонреден надзор на локации зад Кале, ул. Самоилова, во однос на истовар на голема количина дрва за греење пред повеќе куќи во

населбата. Утврдено е дека се работи за донација за социјално загрозени семејства кои што имаат печки на дрва.
Исто така се изврши контрола на места каде што има оставен отпад од несовесни граѓани, со цел да се исчисти.

**Инспекциски надзор во област заштита на животна средина**

Овластениот инспектор за животна средина изврши вонреден надзор во ноќни часови на 15.11, во строго централно подрачје, во однос на можни загадувачи, но не се забележани проблеми. Паралелно е спроведена акција за мерење на бучава од гласна музика од угостителски објекти.

Одржан е состанок со Штабот за заштита и спасување на Општина центар, на кој присуствуваа претставници од Центарот за управување со кризи, Црвен крст и Дирекција за заштита и спасување, на кој ги истакнав локациите и можните ризици од предизвикување пожар.Службата за јавна чистота, спроведе чистење на дива депонија Мало Курило.

**Инспекциски надзор во област комунални работи**

Овластениот комунален инспектор и комуналните редари извршија вонреден надзор на градилишта во Дебар маало, ул. Црвена вода и ул. Мајаковски, во однос на оставен песок и материјали на јавна површина, при што од изведувачите е побарано да спроведат чистење на локациите.

## ОПШТИНА КАРПОШ

### Извештај за постапување на Овластен инспектор за животна средина согласно Законот за заштита на животната средина:

Овластениот инспектор за животна средина на општина Карпош направи инспекциски надзор на повеќе правни и физички лица над инсталациите, објектите и на средства и опрема за вршење на дејности и активности за кои се задолжени согласно Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат за заштита на животната средина согласно Законот за животна средина, и Правилникот за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот ( Службен весник на РСМ бр. 223/2019 )

1. Извшена е контрола на 6 правни субјекти и направени се контролни записници за инспекциски надзор на автомеханичарски работилници, автоперални, ( дали поседуваат договор склучен со овластен постапувач за

превземање на отпадното масло и како е регулирано загревањето на самиот објект кои се сметаат како потенцијални загадувачи на амбиенталниот воздух. При направените контроли направени на лице место не се забележано некои посебни неправилности во однос на вршењето на дејноста.

2. Задолжени се 2 правни субјекти да постапат согласно член 24 Законот за животна средина со Решение за задолжување да изработат Елаборат за заштита на животната средина и да ги отстранат констатираните неправилности од увидот на лице место.

Исто така, извршено е разЗеленување во Карпош 3, место – Лептокарија, каде што се посадени нови дрвца и зеленило вкупно 400 растенија, и целосно е хортикултурно уреден претходно запуштениот простор.
Потоа е исчистена дива депонија на територија на Општина Карпош во околина на Залокуќани , каде што се наоѓа напуштено фудбалско игралиште. На оваа локација со години се фрла отпад од страна на локалното население.
Засадени се нови украсни растенија во населбата Нерези на потегот на улиците Козле 8 и 10, и во план е да се засадат уште 20 листопадни дрвја.
Донесена е одлука на седница на Совет на Општина Карпош на ден 15.11.2019 година за одобрување на финансиски средства на проекти од областа на заштитата на животната средина, природата и енергетската ефикасност.

**Извештај за постапување на комуналните редари согласно член 14 од Законот за јавна чистота:**
-Интервенција на ул. Есперанто каде што бил оставен градежен шут пред скали. Задолжени се да повикаат камион и да го транспортираат до соодветно место
-Интервенција на ул. Есперанто во врска со оставени гранки кои се остранети по интервенција на редарите
-Интервенција за оставен песок пред објект на ул.Букурешка
- Интервенција за оставен песок пред семејна куќа на ул.Жданец
- Интервенција на бул.Партизански Одреди каде што на лице место е фатено лице како остава гранки на јавна површина. Гранките се отстранети
- Интервенција на ул.Јуриј Гагарин бр.49 каде што е пронајден градежен шут кој по интервенцијата е отстранет
- Интервенција на ул.Веселин Маслеша каде што е затекнат градежен шут оставен на јавна површина кој веднаш бил отстранет
- Интервенција на ул.Јуриј Гагарин каде што е затекната арматура оставена на јавна површина
- Интервенција во Момин Поток каде што е затекнато палење оган на јавна површина
- Интервенција во Карпош 1 за мешање малтер на јавна површина

- Интервенција во Бардовци за оставена земја на јавна површина каде што е пишана казна
- Интервенција во Карпош 1 каде што бил најден оставен шут и стари предмети пред зграда и е пишана казна
- Интервенција на ул.Ванчо Мицков пред зграда во градба каде што улицата била валкана од тркала од камион

Интервенција н аул.Будимпештанска бр.35а за оставен песок на тротоар

-Реализирано чистење на шут кај комплексот на Елена Лука

- Интервенција за време на викенд во заедничка соработка со Град Скопје на ул.Прашка, за инвеститор Би Холдинг, кој подолго време константно ја валка улицата со камиони, каде што се пишани казни

**ОПШТИНА КУМАНОВО -** Извршени се вонредни инспекциски надзори во механичарски работилници и каменолом за предходната недела на неколку авто-сервиси и на ДПТУ Петрос (каменолон) и при контролите се забележани неправилности

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ -** Во период од 18- 24.11.2019г. одделението за инспекциски работи на општина Аеродром вршеше контроли на терен од кои два дена се вршеа заеднички контроли со полиција. Се изврши инспекциски надзор на градилишта на бул. 3та Македонска бригада при кој се изрекоа опомени. Направени беа контроли по кејот на река Вардар од паркот со авионот до железничкиот мост при кои не беа детектирани палења на кабли, гуми или било каков материјал. Во период што следи редовно ќе се вршат надзори во текот на прва и втора смена како и дежурства за викенди. Ве известувам дека одделението за инспекциски работи при Општина Аеродром во кои спаѓаат инспектор за животна средина, комунален инспектор, комунални редари и градежни инспектори направија увид во неколку правни субјекти ( потенцијални загадувачи) секој во рамките на своите надлежности. Констатирано е дека секој од нив се придржува на законските прописи и правила па според тоа немаше евидентирано прекршок. Исто така ви напоменувам дека комуналните инспектори и комуналните редари го проверија кејот на река Вардар од паркот со авионот до железничкиот мост при што не беше детектирано било какво палење на комунален отпад. Во период што следи континуирано ќе се вршат контроли за кои ќе бидете известени.

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН-** Општина Илинден од страна на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат при општина Илинден за преземените активности: Тимовите ги вршеа контролите без присуство на полициски службеник. При вршење на контролите не

е утврдено палење на стрништа, ѓубришта и друг вид на отпад на отворени простори; Извршен е инспекциски надзор во фабрика за производство на кроасани при што е задолжена да изврши мерење на штетни материи во воздух; Извршена е контрола во н.м Кадино и н.м Мралино при што се едуцирани граѓаните за намалување на загадувањето; Извршени се едукативни разговори со граѓаните во н.м Илинден и н.м Марино каде што е забележан густ чад кој излегува од оџаците на куќите кои што се затоплуваат на дрва, а користат котел за парно греење. Извршен е инспекциски надзор во столарска работилница за што е задолжена да изврши мерење на штетни материи во воздух;

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -** Редовно се врши обиколка на неколку најкритични локации на територија на Општина Гази Баба и е обезбедено присуството на терен е во две смени со почеток од 8,00 часот до 22.00 часот.

Напревени контроли:

- Во н.Керамидница на кејот покрај р.Вардар до Дивата депонија Вардариште

- Депонија Вардариште, забележан е спален отпад од непознат сторител , при крај на согорување (дежурство од 2 часа )
- Н.м Јурумлери на патот за сепарацијата, забележани се остатоци од запален отпад од непознат сторител (дежурано 2 часа )
- Во рурарната средина од н.м Трубарево до Дрма нема забележано запалени земјоделски стрништа (жителите од населените места во тој крај имаат оставено остатоци од земјоделските површини покрај регионалниот пат Р103 )
- Обиколка е направена на ул.Јужноморавски бригади до гробишта Камник (во моментот на увид нема забележано депонирање на отпад)

Обиколка беше направена на следните локации на територија на Општина Гази Баба:

- Во н.Керамидница на кејот покрај р.Вардар до Дивата депонија Вардариште
- Депонија Вардариште, забележан е спален отпад од непознат сторител , при крај на согорување (дежурство од 2 часа )
- Н.м Јурумлери на патот за сепарацијата
- Обиколка е направена на ул.Јужноморавски бригади до гробишта Камник (во моментот на увид нема забележано депонирање на отпад)
- Н.м Инџиково покрај автопатот кај што живее ромско население
- Забележано запален оган во с.Синѓелиќ, извршен увид на лице место и затекнато на три локации во индивидуални куќи запалено стрниште.Интервенирано во моментот и оганот е изгаснат.

Обиколка беше направена на следните локации на територија на Општина Гази Баба:

- Во н.м Стајковци, Брњарци, Црешево, Смилковско езеро, Раштак и Виниче
- Н.м Јурумлери на патот за сепарацијата до дивата депонија

- Обиколка е направена на ул.Јужноморавски бригади до гробишта Камник (во моментот на увид нема забележано депонирање на отпад и спалување на смет во контејнери
- Н.Железара

Инспекциските служби на Општина Гази Баба ќе продолжат континуирано да вршат инспекциски надзори и превентивно да делуваат согласно своите законски надлежности. На ден 20.11.2019г (среда) комуналниот инспектор и комуналните редари на територија на Општина Гази Баба извршија вонредни инспекциски надзори на критичните точки во Општината како што се дива депонија на гробишта Камник, Сепарацијата Јурумлери, покрај автопатот во Инџиково, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница и депонија Вардариште. Во моментот на увид нема забележано спалување на отпад. Инспекциските служби на Општина Гази Баба ќе продолжат континуирано да вршат инспекциски надзори и превентивно да делуваат согласно своите законски надлежности. На ден 21.11.2019г (четврток) комуналниот инспектор и комуналните редари на територија на Општина Гази Баба извршија вонредни инспекциски надзори на критичните точки во Општината како што се дива депонија на гробишта Камник, Сепарацијата Јурумлери, покрај автопатот во Инџиково, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница и депонија Вардариште. Во моментот на увид нема забележано спалување на отпад. Инспекциските служби на Општина Гази Баба ќе продолжат континуирано да вршат инспекциски надзори и превентивно да делуваат согласно своите законски надлежности. На ден 22.11.2019 (петок ) во период од 14 до 22 часот, комуналниот инспектор со комунален редар и полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во населените места Ченто, Стајковци, Економија Бреарци

- Направена обиколка на терен во населените места Јурумлери, Дрма, Камник (Ченто), Керамидница, Вардариште, Смилковци, Црешево, кеј на река Вардар од Трубарево до Керамидница. На Кванташки пазар забележани лица кои палат отпад. Опоменати и оганот е изгасен. Забележано горење отпад и во населено место Вардариште од лица од ромска популација. Опоменати и огинот изгасено . Во останатите населени места не се забележани неправилности.
- Секојдневна обиколка на терен во населените места Јурумлери, Дрма, Камник (Ченто), Керамидница, Вардариште, Смилковци, Црешево, кеј на река Вардар од Трубарево до Керамидница. Обиколките се вршаат во присуство на комунален редар на општина Гази Баба и претставник на Министерството за внатрешни работи. Присуството на терен е во две смени со почеток од 8,00 часот до 22.00 часот. Забележано горење отпад на локацијата на поранешна депонија Вардариште и Керамидница од лица од ромска популација. Опоменати и огинот изгасен . Во останатите населени места не се забележани неправилности. Поради лошите временски услови (дожд) немаше големо движење на лица на терен на жешките точки кои се локации на најчесто сторување на прекршоци.

**ОПШТИНА ВЕЛЕС -** Во врска со добиените задолженија во општина велес формирани се мешовити тимови од овластен инспектор (за животна средина или комунален инспектор) комунален редар и униформирано службено лице од МВР СВР Велес кои вршат конторла на територијата на општината и во попладневните часови.

При надзорите не се констатирани прекршувања во однос на горење и согорување на отпад или друг вид на материјал. Констатирани се 31 случај на незаконско постапување со отпад и градежни материјали на јавни површини, при што во 20 случаи е постапено и отпадот кој има потенцијал да предизвика загадување на воздухот е отстранет. За истиот отпад постапката е во тек.

**При надзор на инсталациите и објектите кои подлежат на Б-дозволи и елаборати и ги изреше следните мерки:** Забрана за употреба на опрема за дробење во еден правен субјект- Б Инсталација за сепарирање на песок; Решение за отстранување на недостатоци кај автомеханичарска работилница; Решение за постапување со отпад од вршење на дејност во работилница; Одземање на материјали во општа употреба кои беа наменети за горење – желчезнички прагови и нивни делови пронајдени кај физичко лице; На 13.11.2019 г. постигнато е спогодбено плаќање на глоба од 50 000 евра на Прехрамбена индустрија Благој Ѓорев АД Велес која треба да се плати на сметка на Буџет на СРМ во рок од 15 дена за пожарот во Б-инсталацијата со кој предизвика значителчно влијание врз животната средина и воздухот.

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА -** Во општина Гевгелија спроведени се редовни и вонредни инспекциски контроли и тоа на локации на јавни површини во општината; изречени се усни опомени на граќани во н.м/ Негорци заради несоодветно оставање на отпад (стакло, пластика,. Мебел); направена е контрола на локалниот пат према н.м/ Серменин; излезено по пријава од граѓанин во месноста стара касарна и покрај речно корито на Сува Река; направена е контрола на депонија за градежен шут Милци и околу граничен премин Богородица; при вршење на контрола опоменати се сопштвеници на хаварисани/нерегистрирани возила и доставен е допшис до ПС од ОН во Гевгелија за евидентирање на хаварисани/нерегистрирани возила во градот Гевгелија.

**ГРАД СКОПЈЕ –** Во континуитет се спроведуваат засилени контроли, во функција е посебен дежурен број за пријавување на дејствија (193), и на ФБ порталот на инспекторатот на Град Скопје отворен ФБ канал за пријавување на проблем, со точни упатства како тоа да се направи. Подетални извештаи можете да најдете на следниот линк: https://www.facebook.com/inspektoratgradskopje/